**ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП**
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р.С.Македонија
Телефон: **+389 48 407 407**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ

## За периодот Јануари – Јуни 2023 година

П.И “Витаминка” АД Прилеп за периодот Јануари – Јуни 2023 година оствари позитивен финансиски резултат искажан во неревидираниот единечен Биланс на успех.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во првото полугодие од 2023 година изнесуваат 1,665,100 илјади денари и во споредба со остварените за истиот период во 2022 година бележат пад од 11,4%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 99%, имаат приходите остварени од продажба на производи и услуги од основна дејност, кои во споредба со остварените во 2022 година се помали за 11.4%. Падот на приходите е поради континуираното намалување на цената на сончогледовото масло за јадење.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во првото полугодие од 2023 година изнесуваат 1.624,765 илјади денари и во споредба со остварените за истиот период во 2022 година бележат намалување од 19.3%. Висината на вкупните расходи е во корелација со работењето во првото полугодие од 2023 година.

Во извештајниот период е остварена добивка по оданочување во висина од 10.127 илјади денари, која во споредба со добивката за истиот период од минатата година е намалена за 75%. Ова пред се се должи на порастот на поедни групи на трошоци и финансиските расходи, односно зголемувањето на каматните стапки.

**Дивиденда**

На 30.05.2023 година на Годишното собрание на акционери е донесена одлука нето добивката во целост да се реинвестира и не е одобрена исплата на дивиденда.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства за првото полугодие во 2023 година изнесуваат 40.044 илјади денари. Генерално инвестицијата се однесува на купувањето на опремата, инсталација на фотоволтаична станица и градежно адаптирање.

**Обврски по кредити**

Вкупните единечни обврски по долгорочни и краткорочни кредити на 30.06.2023 година изнесуваат 1.533,391 илјади денари и во споредба со состојбата на 30.06.2022 година 1,629,889 илјади денари бележат намалување за 17%.

**ПИ ВИТАМИНКА АД – ПРИЛЕП**
Адреса: „Леце Котески“ бр. 23
7500 Прилеп, Р.С.Македонија
Телефон: **+389 48 407 407**

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари – Јуни 2023 година во П.И “Витаминка” АД Прилеп не се реализирани дополнителни нови вработувања за овој извештаен период.

Прилеп, 28.07.2023 година

Финансиско-сметководствен сектор